# СТАТИИ

*Христо Андонов-Полјански*

## ОКТОМВРИСКАТА РЕВОЛУЦИЈА И ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ НАРОДИ*

(*По повод нејзината педесетгодишнина*)

ОКТОМВРИСКАТА РЕВОЛУЦИЈА отвори нова и светла страница во светската историја. Победата на рускиот пролетаријат означуваше дека во историјата на човештвото настапи нова епоха, нова иднина на човештвото. Оваа револуција од светски маштаб ја создаде првата социјалистичка држава во светот и доведе до премавнување на експлоатацијата од секаков вид. Колку беше вонредно значењето на оваа револуција можно е да послужат и следниве релјефно искажани зборови на В. И. Ленин: „*Човечката историја извршува во нашиве дни еден од најголемите, најмачните пресврти, што имаат несомнено без и најмалу преувеличување, може да се рече: светскоослободително значење. Од војна кон мир; од војна меѓу ѕверовите, кои испраќаат на касапница милиони експлоатирани и работници, за да установат нов ред за разделба на грабежот, запленет од најсилните разбојници; кон војна на потиснатите против потисниците, за ослободување од капиталистичкото ропство; од пропаста на страданијата, маките, гладот и одушевување кон светлата иднина на комунистичкото општество, сеопштата благосостојба и трајниот мир.*"

Октомвриската револуција отвори широки можности за ослободување на потчинетите народи. Затоа таа и произведе толку голем впечаток и одушевување меѓу сите потчинети маси во светот. Под нејзиното големо и вонредно влијание се раширија насекаде ширум Европа и низ другите континенти брановите на револуционерните движења. Светлите револуционерни традиции на рускиот пролетаријат служеа за пример во раздвижување на потчинетите маси. За ова В. И. Ленин на едно место се има искажано на следниов начин: „*Примерот на Советската Република ќе стои пред нив долго време. Нашата социјалистичка Република на Советите ќе стои здраво како факел на меѓународниот социјализам и како пример пред сите работни маси. . .*"

---

* Статијата е работена врз основа на изворна и друга литература, од која еден дел се објавува во одделот — Библиографија на ова списание: „Прилог кон библиографијата за Октомвриската револуција".

Победата на Големиот октомври ги раздвижи и југословенските народи, таа наиде меѓу нив на широк одглас. Во зависност од конкретните прилики влијанието на Октомвриската револуција меѓу југословенските народи имаше специфичен однос. Меѓутоа, општото се состоеше во тоа што во сите југословенски земји под влијание на Октомври се создаде револуционерна ситуација, силно револуционерно раздвижување на масите. До пред обединувањето во заедничката држава забележено беше уште тогаш силно разбранување меѓу потчинетите југословенски маси. Освен тоа, голем беше и придонесот на Југословените во Октомвриската револуција, а нарочно нивниот удел во револуционисувањето на масите по нивното враќање од првата социјалистичка земја. Сето тоа доведе до широк револуционерен подем на југословенските народи, до разраснување на југословенското работничко движење.

## I. Југословени — учесници во Октомвриската револуција

Над 30.000 Југословени зеде учество како доброволци во Октомвриската револуција. Покрај тоа што многу од нив служеле како борци во Црвената Армија, извесен број од нив заземал во неа и командни позиции. Нивното особено значење се состои во тоа што тие по враќање во татковината знатно придонесоа за пренесувањето искуството и револуционерните традиции од Големата руска пролетерска Револуција.

### 1.

За време на Првата светска империјалистичка војна многу Југословени — војници што служеа во австро-унгарската војска, а се наоѓаа на австро-рускиот фронт, стапувале во доброволци. Во 1914—1915 година руските војни власти ги одделувале од австро-унгарската војска оние војници — пленици кои биле од словенска народност и ги држеле во посебни логори. Многу од овие пленици Југословени — како доброволци, до есента 1915 година, биле испраќани на балканските фронтови. Меѓутоа, во 1916 година и подоцна се собрале толку доброволци, така што од нив бил формиран еден одред во сама Русија, Веќе по извесно време од нив била формирана и цела една дивизија. Освен оваа дивизија во Одеса бил формиран и доброволечки корпус.

Ситуацијата во југословенските доброволечки единици во Русија станувала со текот на времето сé побурна. На ова најповеќе влијаела револуционерната ситуација во сама Русија. Конечно со февруарската револуција 1917 година, во овие единици се образувало десидентско движење, кое воопшто не се сложувало со политичката линија на раководството. Бидејќи овие единици биле составени од претставници на сите југословенски народи и според таа хетерогеност, се искристализирала борбата помеѓу две идеи; југословенска и големосрпска, а од друга страна и по прашањето за односот кон руската револуција, учеството на нејзина страна или на страна на контрареволуцијата. Вакви карактеристични пројави во животот на југословенските единици во Русија забележуваме и во нивниот орган „Југославјан", што тие го

издавале во Екатеринбург 1918 година, како и во некои летци издавани од нив во она време. Јасно одбележуваме дека се искристализирале два става: за и против револуцијата. Избувнувањето на Октомвриската револуција беше сигнал за пројавување на тие ставови во југословенските доброволечки единици. Раководството, вишите офицери и еден дел од војниците се определиле на страната на контрареволуцијата и не играле значајна улога. Таканаречените „десиденти" се определиле за револуцијата и зеле видно учество во неа. Како што во единиците на Црвената Армија биле формирани војнички комитети, така и во југословенските единици, што се присоединиле кон револуцијата, се образувале слични комитети. Овие комитети се формирале скоро во сите единици, во кои главен збор имале војниците — социјалисти. Некои од овие единици зеле и активно учество во текот на револуцијата, а некои биле употребувани за зачувување на редот.

Во текот на 1918 г. во редовите на Црвената армија биле формирани неколку југословенски одреди, кои одиграле голема улога во борбата против непријателот.

Покрај овие југословенски доброволечки единици, во Русија за време на револуцијата се префрлиле и Југословени — поединци. Тие зеле активно учество во револуцијата, а некои од нив заземале и командни позиции во Црвената Армија.

Покрај активното учество на бојното поле, Југословените, особено комунистите, зеле живо учество во дејноста и како партиски активисти. Тие се оформиле и организационо. Така, при ЦК на КП на Украина во 1919 година била основана југословенска комунистичка група. Заради ширење на пропагандата, оваа група се поврзала со групите на југословенските комунисти во Киев, Одеса и Екатеринослав.

Најсилна и најголема група на југословенските комунисти постоела во Москва, која била формирана на 15 март 1918 година. Оваа група се нарекла: Југословенска група на меѓународните социјалдемократи (комунисти). Групата донела резолуција, во која се вели дека југословенските комунисти, кои живеат во Москва, основале емигрантска партија и дека во неа ќе ги соберат сите Југословени, кои ги прифаќаат принципите на комунистичката програма и за заштита на советската власт. Групата донела и статут, во кој било истакнато дека групата стоела на платформата на руската Комунистичка партија (болшевици).

Комунистичките југословенски групи во својата дејност отишле и понатаму. Тие сугерирале да се формираат југословенски совети. Така, на 20 март 1919 година од Југословените, што живееле во Москва, како и од делегати на фронтот, бил формиран — Југословенски совет на работничките и селанските депутати. Во донесената резолуција се укажувало дека избраниот Извршен Совет бил должен да ги земе под своја управа сите домови, што ѝ припаѓале на српската Влада и на југословенската буржоазија. Од приходите бил формиран фонд, кој ја помагал револуционерната пропаганда во сама Југославија. Овој Совет во својата дејност има широки права. Тој се занимал со сите работи поврзани со дејностите на Југословените во Советскиот Сојуз. Со тоа во практика бил остварен револуционерниот сојуз на југословенските

работници и селани. Со тоа и на дело била покажана интернационалната солидарност.

Македонските револуционери — учесници во Октомвриската револуција учествувале во работата на споменатите комунистички групи и во Советот на работничките и селанските депутати. Освен тоа, тие учествувале и во дејноста на други комунистички групи, особено во балканските комунистички групи. Така, група Македонци учествувале во работата на групата балкански комунисти. Во оваа група меѓу другите влегувале: Д-р Владимир Каваев од Струга, Д-р Елена Етингер-Каваев (негова сопруга, родена во Полска во револуционерно семејство; добар познаник на В. И. Ленин); Мирчиќ од Дебар и други. Оваа група по своето формирање во јануари 1918 г. исто така одиграла голема улога во собирањето на револуционерите од Балканот а за помош на советската власт.

Југословените зеле активно учество и во Граѓанската војна, борејки се како против странската интервенција, така и против контрареволуцијата. Регистрирани се низа херојства во одбраната на светлите придобивки на Октомври, во кои Југословените (како А. Дундиќ и др.) зеле живо учество.

Во текот на Ѓраѓанската војна Југословените се истакнале и во санитетските единици и на Црвената армија, а исто така и во организирањето на санитетот по руските центри. Така, Д-р Каваев со неговата сопруга одиграл голема улога во организирањето на санитетот. Тој бил во Петроград назначен за раководител на санитетот — „Северна комуна". Со сопругата организирале санитетски одреди и санитетски пунктови насекаде на северниот фронт.

Истакната улога во организирањето на санитетот одиграл и костурчанецот Д-р Гаврил Константинович. Тој како лекар на Мурманската железница се присоединил кон револуционерите со самото објавување на Октомвриската револуција. По ова тој станал раководител на една болница и солидно ја извршувал својата должност. Во втората половина на јуни 1918 година тој бил избран за комесар за народно здравје во Кем. Потоа тој бил избран и за член на Извршниот комитет при Кемскиот околиски совет. Со неговата дејност мошне биле задоволни советските власти, за што свидетелствува едно уверение, издадено на 17 јуни 1918 година од Руската Советска Федеративна Република, потпишано од Каменев. Тој работел бесплатно и не добивал никакви награди. Но, и покрај тоа, тој успевал до своите скромни средства и да оддели за Револуцијата. Сочуван е податок за подарени парични средства во „корист на револуцијата".

Како народен комесар Константинович работел не само во организирањето на санитетот, туку и се активирал во општествено-политичката работа. Тој, држел предавања, говори на разни собранија и собори. На тие собири тој се декларирал и како „јужен Словен и македонски револуционер." Тогаш тој наоѓал начини да го акцентира своето национално чувство, да се претстави и како македонски револуционер.

Така, во еден говор, тој рекол: „*Ние, македонските револуционери, немаме ништо заедничко со небото, како ни руските револуционери, а само со земјата, со народот.*"

## 2.

Од особено и многу важно значење е да се проследи учеството на др. Тито во Октомвриската револуција. Според објавените прилози за неговата биографија возможно е да се утврдат некои детали за тој светол период од неговата револуционерна активност.

Во 1913 год. Јосип Броз бил регрутиран во австро-унгарската војска и служел во загрепскиот 25 домобрански полк. Со избувнувањето на војната, бил испратен на рускиот фронт. Бидејќи неговиот батаљон бил составен, во најголем број од војници — Словени, тие одбивале да се борат со Русите и им се предавале. Така во април 1915 година целиот батаљон, во чиј состав се наоѓал и Јосип Броз, се предал на Русите. За време на скоро петгодишното пленство Јосип Броз се определил на страната на прогресивните руски пролетерски сили. Отпрвин лежел долго време во болница на Свијажеск, бидејќи бил ранет во едно судрување со Черкезите. Потоа се наоѓал на работа во Ардатовска околија (Симбирска губернија) и во Кунгур (Пермска губернија). Во последниов град доста читал и тоа предимно руска класична литература. Освен тоа во овој град влегувал во допир со тамошните работници и успеал на неколку пати да присусвува на нивните состаноци. На овие состаноци покрај тоа што се расправало за текуштата ситуација во Русија, се читала и антивоена литература.

Извесно време, заради неслагање со Управата на пленичкиот логор, Јосип Броз бил затворен, но бил ослободен од кунгурските работници на веста дека во февруари 1917 година во Петроград бил симнат царот. Новосоздадената ситуација со избувнувањето на февруарската револуција ги возбудува и плениците во логорите, во кои Јосип Броз имал виден удел во револуционисувањето на духовите. Освен тоа, тој и натаму влегувал во допири со кунгурските работници и присуствувал на нивните состаноци. Сега веќе на овие состаноци се создавало вистинско револуционерно расположение, бидејќи на нив се читале и разгледувале Лениновите статии и тези.

Бидејќи не можел да го издржи малтретирањето што го спроведувала Управата на логорот, Јосип Броз побегнал оттаму и стасал во Петроград. Тука, во метрополата на руската пролетерска револуционерна активност, учествувал во чуените јулски демонстрации 1917 год. Меѓутоа, тогаш бил затворен и повторно протеран во Кунгур. Со избувнувањето на Октомвриската револуција веднаш влегол во Интернационалната црвена гарда, во која служел повеќе месеци. Бригадата не била испраќана на фронтот против белите, туку чувала стража во Омск и работела на железничката станица Марјановка. Тука на нив нападнала чешката легија и контрареволуционерите на Колчак. Бригадата не можела да се спротивстави и била разбиена. Настанал бел терор. Јосип Броз не останал во Омск, туку успеал да побегне кај Кир-

гизите, кои добро го примиле. Меѓу нив останал до 1919 година и потоа заминал повторно во Омск, кој бил ослободен од болшевиците. Кога веќе ситуацијата започнала да се нормализира во почетокот на 1920 година Јосип Броз заминал за Петроград. Оттука Јосип Броз тргнал за Југославија, каде што стигнал во есента 1920 година.

Како и другите повратници од Русија, така и Јосип Броз се беше вратил револуционерно настроен. Веднаш се активирал во револуционисување на масите и во пренесување на искуствата од Големиот октомври. Учествувал во неколку штрајкови и во агитацијата за Конституантата.

Јосип Броз пројавил активност и во популаризирање на Октомвриската револуција. По повод прославата на Октомвриската револуција одржал во загрепските Синдикати предавање, кое го завршувал со извикот: *„Само со вооружена борба може работничката класа да ја завојува власта."* Доколку оваа активност на Јосип Броз, еден од тогашните истакнати Југословени — доброволци во Октомвриската револуција, била забележителна, говори и Мирослав Крлежа: *„Убаво се сеќавам дека меѓу работниците во Загреб се раскажуваше во тоа време дека во Загреб дошол од Русија еден работник по име Броз, со астраханска шубара, на која уште се гледаат белезите од петокраката ѕвезда што ја носел во Русија."*

## II. Револуционерни акции на Јадран 1918 година

Во текот на Првата светска империјалистичка војна ситуацијата во Австро-Унгарија сериозно се влошувала. „Болесникот на Дунав" покажувал сериозни симптоми на неминовно распаѓање. Двојната монархија била нагризувана од национални и социјални спротивности, кои уште повеќе биле заострени во текот на самата војна. Насекаде се чувствувало незадоволство од режимот и се барале начини во револуционерната борба да се изнајде спас од критичната ситуација. Револуционерните настани во Русија дале стимул за револуционисување на масите. Многуте повратници од Русија ги наелектризирале уште повеќе револуционизираните духови.

Нарочно кризата била чувствителна во австро-унгарската војска, поточно морнарицата. Причините за незадоволство биле многубројни, но најчесто тие биле класни и национални спротивности, незадоволство од долгото војување, слабата исхрана и лошиот однос на претпоставените кон потчинетиот кадар. Во средината на 1917 година се јавило силно антивоено движење. Нарочно отпрвин се чувствувало антивоено расположение, а потем и антиавстриско, подржувано од морнарите Словени, односно Југословени. Така што возможно е и да се разликуваат две тенденции во ова движење; на националистичко, рушење на Австро-Унгарија; и на социлајлно, наблегнување предимно во остварување на социјалните барања. Овие вриежи на Јадранот прераснале во револуционерни движења, чии центри се наоѓале во: Шибеник, Пула и Бока Которска.

1.

Революционерното движење во Шибеник имало национално-революционерен карактер. Негови поборници биле главно морнарите од словенска народност (Хрвати, Чеси и Словаци). Тие се кренале против војната, а за национално ослободување. Во нивните редови се појавувале и социјални настојувања, но грото приврженици биле загреани со идејата за национално ослободување.

Революционерно антиавстро-унгарско расположение и революционерни акции се појавиле во ноќта помеѓу 3 и 4 октомври 1917 година, кога посада на торпилерката бр. 11 стационирана во Шибеник, ги разоружала офицерите и отпловила за Италија. Таму тие се предале на Италијаните, кои ги заплениле и брутално постапиле со нив. Тие инсистирале да бидат испратени во доброволечките легии во странство, но Италијаните ги интернирале.

И во самиот град Шибеник се пројавиле революционерни настроенија. Таму постоела револуционерна организација со комитет, кој изработил план за преземање на градот. Целта се состоела и во поврзување со сојузниците, како начин за обезбедување на власта. Секако дека тука во многу влијаела либералната буржоазија, затоа и не се дошло до предвидуваната акција, ниту пак до исполнување на точките на предвидуваниот план. Единствено сериозна акција била преземена одвај кога станала сигурен факт капитулацијата на Австро-унгарија. Тогаш власта била преземена во градот од револуционерниот одбор.

2.

Револуционерното движење во Пула имало двоен карактер: национално и социјално. Се поставувале барања за национално и социјално ослободување. Додека двеве настојувања во движењето оделе заедно, тоа било силно, но штом се разделиле, тоа започнало да слабее, нарочно под влијание на приливот на граѓанскиот елемент.

Пула била главно и најголемо австро-унгарско пристаниште, а освен тоа и големо бродоградилиште („Арсенал"). Командните позиции се наоѓале во рацете на Германци и Унгарци, додека Словените (Хрватите, Словенците и др.) биле запослени во бродоградилиштето, исто така тие во најголем број ја чинеле посадата на корабите.

До посилно револуционерно движење во Пула доаѓа во почетокот на 1918 година. Кон половина на јануари избувнал во „Арсеналот" штрајк на работниците, заради тешките животни услови и заситеноста од војната. Оваа ситуација на незадоволство најубаво ни ја илустрира еден современик на следниов начин: „Движењето што се појави во нашиов град, како што и во целата Австрија, израз е на незадоволството од општите, заради војната, настанати прилики во државата. Нема сомнение дека широката маса од работници и селани мораше да го сноси во таа војна најтешкото бреме. Еден работник ја означува оваа психичка состојба на работниот народ многу добро со зборовите: „*Ви дадовме сè што имавме, месо и крв, синовите и татковците, жените и децата и*

*свои наш имот. Што барате уште од нас? Ги сакате ли уште коските од нашите борци, оние кои сé дадоа, а останаа без ништо за себе да се прехранат".*

Во штрајкот на работниците во „Арсеналот„ зеле учество, според некои податоци, 15.000 работници. Штрајкот не успеал, заради тоа што опортунистичкото раководство ги предало.

Во есента 1918 година се создала нова ситуација и се чувствувало ново револуционерно расположение. Сега веќе скоро на сите кораби се формирале револуционерни комитети на морнарите. Се дошло и до пораширени револуционерни акции. На 28 октомври, истата година, избувнал бунт на морнарите на адмиралскиот кораб „Viribus unitis" а потем и на останатите кораби. Од корабите бунтовите се пренесле во воените постројки во пристаништето и во градот. На адмиралскиот кораб било симнато знамето на Двојната монархија, а подигнато црвеното знаме на револуциијата, а покрај него уште и националните знамиња на југословенските народи. Следниот ден, на 29 октомври, на сите кораби, тврдини и други згради, се виеле националните знамиња, а морнарите на своите капи ставале трака со патпис: „Југославенска република".

Власта на корабите и во „Арсеналот" ја презеле револуционерните комитети на морнарите и работниците. Истото тоа се одвивало и на другите кораби и институции во градот. Револуционерниот комитет на адмиралскиот кораб по преземањето на власта, издал на 30 октомври проглас од 13 точки, со кој го одредил својот програм и конкретните цели и задачи на движењето. За самиот карактер на сето револуционерно движење е значајна првата точка од важен документ: *„Ние корпоративно изјавуваме дека стоиме на гледиштето на социјалдемократијата".*

Набргу била извршена и концентрација на власта, таа преминала во рацете на „Народниот совет", кој бил избран во градот. Меѓутоа, настанува пресвртница, зашто „Народниот совет" немал изразит програм за зачувување на здобиените револуционерни придобивки. Тој останал во голема доза пасивен и неактивен и со тоа ги пасивизирал револуционерните сили на морнарите. Сето тоа било повлијателно од приливот на граѓанските елементи, кои воглавно придонесле за таква опортунистичка политика.

Со торпедирањето на адмиралскиот кораб од страна на Италијаните, на кој нашле смрт 600 морнари, настапила во градот паника и дезорганизација. Веќе на 5 ноември 1918 година, во градот влегнала италијанската војска, која од името на Антантата ја презела власта. Револуционерните акции на морнарите и на работниците во Пула замреле, сé заради не снајдувањето во моменталната констелација, заради опортунизмот на раководителите на движењето. Меѓутоа, не е возможно да се одрече големото влијание на пулските револуционерни акции во останатите југословенски краишта.

3.

Револуционерното движење во Бока Которска е најизразито движење и тоа се одвивало на доста широк план. Ова движење има во себе карактер: социјално-револуционерен и национално-револуционерен. Бокељските револуционери планирале со заедничка акција да изведат бунт во целата флота. Во почетокот на 1918 година во Бока Которскиот залив се наоѓале околу 40 војни кораби со преку 5.000 луѓе посада. Меѓу оваа посада постојано растело незадоволството и се стварало револуционерно расположение. Се настојувало по пат на револуција да се направи крај на војната, да се подобри односот спрема војниците. За таа цел на секој кораб биле формирани борбени групи, а целокупното дело на предвидуваното востание се наоѓало во рацете на револуционерен комитет.

Кога подготовките биле готови бил определен и датумот на востанието. На 1 февруари 1918 година морнарите на адмиралскиот кораб „Санкт Георг" откако ги обезоружиле офицерите го истакнале црвеното знаме и со топовски истрел дале сигнал дека започнало востанието на морнарите и дека тие ја презеле власта на корабите. По примерот на морнарите од адмиралскиот кораб постапиле и морнарите од другите кораби. На сите кораби (40 на број) тие ја презеле власта и ги истакнале црвените знамиња.

Откога морнарите ја презеле власта, на сите кораби биле извршени избори за совет на секој кораб и делегати за Централен совет (Совет на морнарите). Голема била активноста на Централниот совет. Најпрвин тој составил ултиматум, во кој барал да се започнат преговори за заклучување на мир според Лениновите предлози, потем да се изврши општо разоружување и демобилизација и на секој народ да му се признае правото на самоопределување и независност. Понатака во ултиматумот се барало подобрување на животните услови за војниците, а од друга страна и за мобилизираните работници. Овој ултиматум бил испратен до сите пристаништа, а во исто време и до војното министерство во Виена. Интересно е и тоа што востаниците соопштување за оваа своја голема револуционерна акција испратиле и во Русија. По извесно време тие добиле оттаму одговор, во кој востаниците биле топло поздравувани за својот херојски подвиг и се изразиле симпатии за нивната револуционерна борба.

Во својата активност за одбраната на придобивките од револуцијата раководителите на Централниот совет не отишле подалеку од издавање на ултиматумот. Тие на прво место не се поврзале со сувоземната војска и оставиле таа да остане лојална на режимот. Втора основна грешка се состоела во тоа што раководството не се поврзало и со народот во Бока. И трето, што раководството немало јасни пертпективи за понатамошниот ток на револуцијата. Тоа сето било олеснителна околност на класниот непријател за да преземе офанзива пронив востанието. Најпрвин австро-унгарската војна команда не го примила нивниот ултиматум и им повелила на морнарите да се предадат.

Откако тоа го одбиле, таа со помош од Пула и во содејство со сувоземната војска од Бока, го задушила востанието, ги принудила морнарите да се предадат. Настапил бел терор. Многу од револуционерите биле стрелани, а 800 биле затворени. Оваа револуционерна акција на бокељските морнари се наоѓала под силно и несомнено влијание од Октомвриската револуција и според резултатите што ги пројавила имала многу силен одглас меѓу југословенските работни маси.

## III. Влијанието на Октомвриската револуција за разраснување на работничкото движење во Југославија

Влијанието на Октомвриската револуција било особено пресудно за разраснување на југословенското работничко движење. Идеите на Големиот октомври создадоа перспективи за разбранување на стремежите на југословенските работни маси за револуционерна акција. Тие, во тој општ револуционерен подем, станале да ги бранат своите права, базирајќи се врз здобиените искуства од големата руска пролетерска револуција, за чија вистина ги надахнувале бројните југословенски доброволци.

1.

По завршувањето на Првата светска империјалистичка војна положбата на широките народни маси силно се влошила. Насекаде настапила длабока криза, стопанството се наоѓало во застој, безработицата и гладот владееле не само по градовите, туку и по селата. Таква била ситуација во време на обединувањето на југословенските народи во заедничката држава на СХС (1-XII-1918 г.). Меѓутоа, веднаш новата држава била бремена со многу спротивности, што од ден во ден постојано се влошувале. Во новата држава, во која господарела големосрпската буржоазија, не биле задоволени народните барања за решавање на националното, аграрното и работничкото движење. Затоа, ситуацијата веднаш беше забременета со незадоволство, со револуција. Со победата на Октомвриската револуција перспективите на работните маси станаа посветли. Се покажало со примерот на таа голема пролетарска револлуција, дека желбите и оправданите стремежи на потчинетите маси возможно е да се остварат. Одгласот на Октомври бил многу силен, тој ги разбранувал масите. Во широките народни маси се говорело веќе отворено за разделба на земјата, за создавање на работничко-селанска власт.

Периодот од 1918 година и непосредно по него, може со право да се означи дека е период на револуционерни движења на југословенските работни маси. Насекаде се раширувале бројни штрајкови, тие добивале со тек на времето се помасовен карактер. Востанале и селаните, тие ја одземале својата земја од големопоседниците. Незадоволства се јавиле и во војската, заради големото малтретирање од страна на офицерите. Дезертирањето било честа појава, а се јавиле и изразити вооружени судрувања. Овие судрувања ги раководеле оние војници што

како доброволци учествувале во Октомвриската револуција. Најпознати се бунтовите на војниците во Марибор, Вараждин и во Црна Гора.

Војниците во 45 Мариборски пешадиски и Дравскиот коњички полк се дигнале на востание на 22 и 23 јули 1919 година. Тие најпрвин барале да се ослободат од затворот нивните порано затворени другари. Кога тоа им било одбиено тие со оружје сами ги ослободиле своите другари. Потем избиле нереди и во коњичкиот полк. Побуннетите ги напуштиле своите касани и соединети тргнале кон главниот плоштад на Марибор и кон мостот на Драва. Се манифестирало со извиците: „Да живее болшевизмот", „Сакаме Република". Кај мостот на Драва се судриле со чуварите на монархијата. Борбата траела неколку саати, побунетите биле совладани. За одмазда кралевските луѓе го спровеле прекиот суд. Овој бунт на мариборските војници ги раздвижил и останатите касарни.

На 23 јули, истата 1919 година, избувнал војнички бунт и во Савскиот коњички полк во Вараждин. Војниците навлегле во магазините, се наоружале и тргнале во градот. Го зазеле плоштадот и поштата и оттаму давале отпор. По 12 часови борба бунтот бил задушен, а побунетите затворени. Не треба да се заборави дека Монархијата за задушување на бунтовите употребувала и странски колонијални трупи на Сојузниците, кои биле повикани да го штитат режимот од револуционерните настапи на работничката класа. Интересно е дека специјално за бунтот во Вараждин, владата издала специјално комунике, во кое бунтот исклучиво го припишувала на „болшевичка агитација".

Доста изразит бил и војничкиот бунт во 29 полк во Црна Гора. Меѓутоа, и овдека бунтот претрпел неуспех, заради тоа што раководителите на тој бунт, а и на порано одбележените, не умееле да го исползуваат незадоволството на масите и во една заедничка акција да се спротивстават на режимот.

Исто така големи немири се јавиле и по селата ширум целата земја. Тие го искажувале своето незадоволство заради тешката положба во која се наоѓале, а првенствено заради нерешеното аграрно прашање. Против сите овие револуционерни движења на широките народни маси Монархијата се справувала жестокот и брутално. Меѓутоа, овие истапи на работничките и селанските маси силно ја заплашувале господаречката буржоазија. И колку таа да пројавувала настојувања да им даде отпор на револуционизираните маси, таа уште не била доволно силна да се справи со нив. Затоа таа им правела на работниците отстапки. Таа била принудена да го признава класното синдикално движење за легитимен претставник на работничката класа. Меѓутоа, тие отстапки биле од привремен карактер, но таа била принудена нив да ги толерира.

Во една ваква револуционизирана ситуација се активизира југословенското работничко движење, се доаѓа до негово разраснување до крупни размери.

2.

Во времето, кога под влијание на големата Октомвриска револуција, се создаде револуционерна ситуација во Југославија, југословенските социјалисти ја обновија својата активност. Тие, беа в сушност, вистинските предводници на народните маси во нивните револуционерни истапи. Меѓутоа, социјалистичките раководители не биле единствени. не постоел одреден тактички однос спрема новосоздадената револуционерна ситуација. Забележен е и нееднаков однос спрема придобивките од големиот Октомври. Заради ова прашање во редовите на хрватската социјал-демократија доаѓа и до расцеп на две крила. Револуционерното лево крило категорички го отфрлил ставот на Главниот одбор, што бил против Октомвриската револуција. Сличен став зазеле и раководителите на Југословенската социјал-демократија во Словенија. Од друга страна социјал-демократите во Србија. Босна и Херцеговина, Далмација и Македонија, горешто ја поздравиле победата на Октомвриската револуција. Освен тоа и јасно се изјасниле за решителната и бескомпромисна борба против домашната буржоазија.

Оваа разиденост повеќе му носела штета отколку полза на југословенското работничко движење. Затоа се повеќе се́ искристализирала потребата за обединување на сите југословенски социјал-демократски организации во една единствена партија. Таков обединителен конгрес се свикува во Белград од 20 до 23 април 1919 година. На овој конгрес била формирана единствена партија со назив: „Социјалистичка работничка партија на Југославија (комунисти)" (во неа не учествувале само словенечките социјалисти). Во донесените резолуции жестоко се напаѓал буржоаскиот режим, се изразиле симпатии и солидарност со руската и унгарската работничка класа. Било донесено решение за пристапување кон Лениновата Интернационала. Одржувањето на обединителниот конгрес на југословенската раотничка класа означува крупен чекор напред во организационото зацврснување на југословенскиот пролетаријат. Во основа била прифатена Лениновата револуционерна политика, освен што провејувал погрешен однос спрема националното прашање, и се целело уште отпрвин што повеќе да се омасови движењето. Масите се наоѓале во многу големо одушевување, како од Октомвриската, така и од Унгарската револуција, и чекале брзо решавање на горештите прашања, најдување излез во револуцинерната борба под раководството на новообразуваната единствена социјалистичка партија (комунисти).

Активноста на Партијата веднаш покажала видни резултати. Бројот на членството знатно се зголемил, се мобилизирала сета работничка класа во офанзива против ненародниот режим. Низ целата 1919 и 1920 година Партијата раководела со револуционерните истапи на масите. Таа раководела со бројните митинзи и демонстрации против режимот, честите штрајкови на работниците. Работничкото движење бележело успеси и класната борба била акутна. Иако, уште било прерано да се говори за јасен и правилен стил во борбата на СРПЈ (к). Меѓутоа, во 1920 година се прави пресврт, кога Партијата поорганизиарно истапува. Најпрвин нејзината акција покажува видни резултати со добро органи-

зирана пропаганда за време на општинските избори, на кои комунистите постигнале големи успеси. Како втор успех означувала активноста за време на одржувањето на големиот штрајк на железничарите, кој траел 10 дена.

Успесите во организационото зацврстување на Партијата наложувале веќе и соодветен однос во прокламирањето на единствени и дефинитивни програмски цели. Тоа се постигнало на Вториот конгрес на Партијата, што се одржал во Вуковар од 20 до 25 јуни 1920 година. Со овој конгрес конечно бил завршен процесот на обединувањето на југословенската социјалистичка партија (комунисти), што сега добила назив Комунистичка партија на Југославија. На овој Конгрес се водела упорна борба против опортунистите и се донесол нов Програм и Статут. Основните програмски линии се состоеле во борбата за Советска република Југославија; образување на народна црвена војска; експропријација и социјализација на производството и трговијата; заштита на работа; реквизиција на зградите и установите; народното здравје, социјализација на аптеките, болниците, санаториумите и бањите; задолжителното школување на младината; разделување на црквата од државата; укинување на договорите; ослободување од даноците и друго. И во овие програмски цели на КПЈ се провлекле доста недостатоци. Како најважно е тоа што сосема ништо не се наведува за националното прашање. Освен тоа, за аграрното прашање се зазема погрешен став и се прецизира формулацијата некаков став за „социјализацијата на големите поседи. „Меѓутоа иако во фазисот на „Детинството" (Ј. Б. Тито) КПЈ прави крупни чекори напред. Се пројавува се поголема активност околу активизирањето на масите, нарочно за време на натамошните општински избори и најпосле на изборите за Конституантата. На последниве избори однесе голема победа, доби 198.736 гласови и 58 пратенички мандати.

Овие успеси на КПЈ го заплашија господаречкиот режим. Тој ја заостри борбата против комунистите со тенденцијата за ликвидација на Партијата и на Синдикатите. Со заведување на белиот терор се целело да се нанесе удар на југословенското работничко движење. Кулминација се достигна со донесувањето на злогласната „Обзнана" (31.X-120), со која се забранила дејноста на КПЈ. Партијата беше принудена да премине во илегална активност. Од државната служба биле отпуштувани сите оние „кои продолжувале со пропагандата на болшевизмот".

3.

Голема беше активноста на КПЈ, уште и пред обединувањето, во популаризирањето на Октомвриската револуција. Левите крила на југословенските социјал-демократи развија голема пропагандна активност, популаризирајќи ги придобивките од светлиот Октомври. Скоро сите социјалдемократски партии ја поздравиле револуцијата и III Интернационала. На една конференција што ја одржало левото крило на хрватската социјал-демократска партија во почетокот на јануари 1919 година, била донесена резолуција: „Конференцијата ја поздравува Советска Русија, социјалистичката револуција во Германија и Австро-

унгарија и револуционерното движење во другите земји". Се нагласувало оти сите биле уверени дека „патот во социјализам води преку диктатурата на пролетаријатот, а дека обликот на таа диктатура е советската власт." Голема пропагандна активност била пројавена во подготовките за одржување на генерален штрајк во знак на протест заради планираната интервенција против Советска Русија. По тој случај весникот „Радничке Новине" на 15 јули 1919 година печател две статии: „Меѓународна солидарност на пролетаријатот" и „Меѓународна смотра на револуционерниот пролетаријат 21 јули". Во првата статија се говори дека руската и унгарската револуција е работа на меѓународниот пролетаријат. Борбата против нив значела борба против пролетаријатот од целиот свет. Во втората статија се бара да се одржи генерален штрајк на 21 јули за одбрана на Советска Русија и на Унгарија. Штрајкот се изведувал со повикот: „Да живее меѓународната солидарност". Скоро низ целата земја се одржале митинзи и демонстрации во знак на протест заради планираната интервенција против Советска Русија и Унгарија.

Протести против интервенцијата се изјавиле и на Конгресот на обединувањето на КПЈ во Белград, во април 1919 година. Во донесената резолуција на тој конгрес се станува против контрареволуционерната улога на југословенската буржоазија што, таа ја играла по однос на Русија, Унгарија и другите земји. Се повикувала владата да ги повлече трупите, кои биле за таа цел наменети. Се изјавила солидарност со руската и унгарската работничка класа и со придобивките на нивните единствени и Се сметале владите во Русија, Унгарија и Баварија за револуции. вистински претставници на тие земји. Се барало да се признаат овие републики.

Пропагандна активност за популаризација на Октомвриската револуција КПЈ пројавила и за време на прославата на двогодишнината од револуцијата (1919 година). За таа цел во ноември, истата година, во Белград се одржала прослава. На предавањето за Октомвриската револуција присуствувале преку 8.000 граѓани. Против интервенцијата КПЈ реагирала и натаму. Таа им обрнувала внимание на масите за империјалистичките тенденции на големите сили во нивната интервенционистичка политика кон Советска Русија.

На придобивките од Октомври се задржал во својата работа и Вуковарскиот конгрес на КПЈ. Уште во самиот Програм се говорело за Советска Русија, за учењето од искуството на руската револуција и дека „Само советска власт го осигурува подигнувањето на новиот, општествен поредок, Советската република ја спроведува владевината на работниот народ, таа ја дава сета власт — законодавна, извршна и судска — на работниот народ, кој е организиран во работничките, војничките и селанските совети". Потем се прецизира дека Советска Република Југославија треба да стапи во братски сојуз со сите соседни народи за успоставување на советска федерација од балканско-подунавските земји, која ќе биде составен дел од меѓународната федерација на советските републики. Оваа меѓународна федерација од советски републики ќе создадела општ Сојуз и траен мир меѓу народите.

Посебно, Вуковарскиот конгрес ѝ испратил „Поздрав на Советска Русија", во кој се говори за херојската борба на Советите против интервенционистите и контрареволуционерите. Се вели натаму дека „работничка Советска Русија" била „непобедива". Со тој свој херојски чин тие го приближувале „денот на световната пролетерска револуција, ден на ослободувањето на работниците и селаните од целиот свет".

Конгресот испратил поздрав и до унгарскиот пролетаријат, се протестирало против спроведувањето на терор над него од страна на контрареволуционерите.

Активноста на КПЈ во популаризирањето на Октомвриската револуција имала многу силен и вонреден одглас сред југословенските работни маси. Оваа активност овозможила вистината за големиот Октомври насекаде да продре, да се прокламираат неговите придобивки, да се влијае во конкретната револуционерна активност од неговите светли традиции.

## IV. Положбата во Македонија непосредно по Октомвриската револуција

Октомвриската револуција ги раздвижи и македонските потчинети маси. Таа им отвори широки перспективи да поведат решителна борба против буржоаскиот поредок, кој ги беше потчинил национално, политички и економски. Во една статија по повод десетгодишнината од Октомвриската револуција Ѓорѓи Димитров го определи големото значење на Октомвриската револуција за национално подчинетите Македонци, кои под влијанието на Октомвриската револуција појдоа по патот на правилната национално-револуционерна борба. Силно беше нејзиното влијание врз национално-ослободителната борба на македонскиот народ. Под влијание на Големиот Октомври дојде и во Македонија до разјаснување на работничкото движење.

### 1.

Скоро во текот на целата Прва империјалистичка војна Македонија беше воено поприште. Затоа и непосредно по војната во неа положбата на народот беше критична. Насекаде во сите делови на Македонија се забележувале последиците од војната: безработица, глад и разурнување. Положбата не се подобрила ни кога била установена новата власт на балканските буржоазии. Напротив, сета нивна новорежимска политика се свела на најгруб терор и грабеж. Се завело најжестоко национално поробување, кое било пропратено со постојанен терор. Така во јуни 1919 година Уставот и законите на Србија биле проширени и на Македонија. Со тоа биле заведени најгруби репресалии во задушувањето на слободата, применувани од жандармеријата и полицијата. На одмет е да се подвлече дека процентуални најголемиот дел од жандармеријата бил испраќан во Македонија.

Новата власт не донесла подобрување ни на селото. Положбата таму била исто така влошена, а уште повеќе што не беше решено аграрното прашање. Незадоволството растеше насекаде.

Како на село, така и во градот не бил во можност да го издржи жестокото национално и економско угнетување, ситуацијата беше бремена со револуција. Влијанието на Октомвриската револуција било и во Македонија пресуден фактор за револуционисување на масите. Вестите за големите победи и установувањето на советската власт ги разволнувале масите. Бројните повратници од Русија уште повеќе ги револуционисале духовите, тие ги воспитувале на традициите од руската социјалистичка револуција.

Неиздржливата положба била причина да се појават и во Македонија бројни немири, особено на село. Освен тоа, ситуацијата ја револуционисале и војниците. Тие биле незадоволни со своите старешини и постапките кон нив. Биле многу чести дезертирања и бунтовите. Против сите овие револуционерни настојувања на масите режимот се справувал со жестоки репресалии.

Во оваа револуционерна ситуација во Македонија, што настана непосредно по Октомвриската револуција, биле создадени поволни услови за повторно обновување дејноста на македонските социјалистички организации.

## 2.

Во првите месеци од 1919 година доаѓа до обновување дејноста на социјалистичките организации особено во Вардарска Македонија. Тие веднаш пројавиле голема активност во раздвижување на масите. Насекаде се одржувале митинзи и протестни собранија против монархистичкиот режим, за заклучување на дефинитивен мир, за демобилизација на војската, повлекување на Антантините трупи, против интервенцијата на Советска Русија и Унгарија итн. Биле организирани и чести штрајкови, се барало зголемување на надниците и осумчасовно работно време.

На конгресот на обединувањето на КПЈ, во април 1919 година од Македонија биле застапени сите социјалистички организации (20 делегати). Конгресот дал смерници и за организационо зацврстување на покраинските организации на КПЈ. Ова организационо средување во Македонија беше сторено на Првата покраинска партиска конференција, што беше одржана на 7 јануари 1920 година. На оваа конференција беше избрано раководство за Македонија и Стара Србија. На конференцијата биле донесени и конкретни предлози за идните задачи на Партијата. Се решило Партијата да истапи самостојно на општинските избори, за засилување на врските со селаните, за создавање на синдикални организации, за засилување на политичката работа меѓу работните маси, за често одржување на митинзи, демонстрации и собранија. Било решено и да се обнови излегувањето на партискиот орган „Социјалистичка Зора", која започнала да излегува на 1 февруари 1920 година. Излегувањето на „Социјалистичка Зора" било од големо значење не само за зацврстување и проширување на дејноста на КПЈ во Македонија, туку таа одиграла и крупна улога за револуционисување на масите. Овие настојувања се провлекуваат и во уводникот од првиот број на

весникот, во кој се вели: „Доследни на револуционерните идеи на нашите учители Маркс и Енгелс и на решенијата на партискиот конгрес, ние во Стара Србија и Македонија ќе ги обавестуваме, организараме и револуционерно-комунистички воспитуваме работниците и селаните."

По покраинската конференција се развива широка активност за проширување мрежата на партиските организации ширум Македонија. Како резултат на таа активност бележиме броен растеж на членовите на КП. Само во Скопје во првото тромесечие од 1920 година имало 1000 членови. Оваа раширена активност ја бележи и „Социјалистичка Зора" во статијата „Нашите задачи" од 5 февруари 1920 год., во која меѓу другото се нагласува дека масата ги „вперила очите во Социјалистичката Работничка Партија (Комунисти) и од неа бара дела во соработка со меѓунардниот пролетаријат да ја започне класната борба и што порано да го оствари социјализмот: спасителот на човештвото."

Проширена активност се развива и за време на подготовките за одржување на Вуковарскиот конгрес на КПЈ. На овој конгрес партиската организација од Македонија цврсто застанала на линијата за непомирливата класна борба.

Голема активност била пројавена и во организирањето на штрајковите, нарочно на масовните штрајкови на келнерските и монополските работници, како и за време на генералниот штрајк на железничарите. Во овој штрајк учествувале 2000 железничарски и транспортни работници од Македонија.

Не имала помал удел КПЈ за Македонија и во организирање на првомајските прослави. Тие се изведувале преку одржување на специјални предавања, собири и демонстрации. Особено биле изразити прославите во Скопје, Куманово, Велес, Кавадарци и др. Демонстрациите се изведувале со повикот за „уништување на насилничкиот апарат на буржоаската влада и воведување власта на работнички и селски совети. . ."

Крупна пропагандна активност Партијата спровела и во подготовките за општинските избори. За нив се спровела голема агитација и тоа со геслото: „Мир! Леб! и Слобода", а под закрилата на „Црвеното знаме на комунизмот!" Оваа агитација се водела и со тоа да се покажат на масите не само програмските цели, туку и какви успеси КПЈ постигнала. Во една статија на „Социјалистичка Зора" се вели дека „*Македонија е црвена од социјалистичката Зора, што се раѓа*". Посебна активност се пројавила пред изборите. Покраинското раководство на КПЈ издало и специјален повик до народот, во кој го повикува да однесе конечна победа во изборната борба, за „. . . *црвеното знаме, тој симбол на иднината да се развее на сите општински згради во сите места каде КП влегува во избори, тоа знаме ќе биде моќен повик за нови борби, нови победи и конечно ослободување на пролетаријатот.*"

Активноста вродува со плод. КПЈ за Македонија постигна крупни успеси и тоа на изборите во Куманово, Велес, Кавадарци и дополнително во Скопје. Успех на изборите се постигнал не само за овие „Македонски комуни", туку и по селата. Во селото Ораовец (Велешко) била

постигната полна победа. Таа победа поздравена е во „Социјалистичка Зора" со извикот „*Да живее првата селска комуна во Македонија*."

Иако политичкиот терор на буржоазијата бил зголемен, КПЈ за Македонија развила голема активност и во подготовките за време на изборите за Конституанта. Со подготовките за овие избори се позабавила и втората покраинска конференција на КПЈ за Македонија, која се одржала на 26. IX. 1920 година.

На изборите за конституанта КПЈ однела голема победа, само во Македонија, таа добила 48.000 гласови и 15 пратенички мандати. Оваа голема победа била поздравена од сиот народ, а „Социјалистичка Зора" печатела на 1 декември 1920 година, специјална статија под наслов: „Триумф на комунизмот во Македонија", во која помеѓу другото се вели: „КПЈ како единствен заштитник и борец за ослободување на сите потиснати, единствена се јави во одбрана на овој намачен народ. И како единствена негова заштитница КПЈ доби најголема доверба од овдешниот народ.

Овој сјаен изборен триумф на комунизмот во Македонија ќе има голем одглас сред поробените маси во Југославија.

Македонски комунисти, горди со изборните успеси на нашата Партија, смело напред! Напред рамо до рамо со комунистичкиот пролетаријат на Југославија кон конечна победа! Да живее диктатурата на работниците и селаните! Да живее југословенската советска република!"

Меѓутоа, буржоазијата беше заплашена. Таа го заведе белиот терор. Веќе по „Обзнаната" партиските организации во Македонија беа разбиени, но довербата на широките маси не беше уништена, тие беа и понатака со линијата и револуционерното искуство на КПЈ, кое беше обогатено под влијанието на големата Октомвриска револуција.

Слична била активноста и на македонските комунисти и напредни револуционери и во Пиринска Македонија.

## V. Пропагандна активност во Македонија за популаризирање на Октомвриската револуција

И во Македонија била развиена голема активност за популаризирање на Октомвриската револуција.

Преку „Социјалистичка Зора" и на предавањата, митинзите и демонстрациите, се изложуваше придобивките од големиот Октомври, и нивното значење за југословенското работничко движење. Се спровела голема борба против интервенционистичкиот став на господаречката буржоаска влада за здушување на младата Советска република. Нарочно беа големи протестите за намерата на буржоаската влада да употреби Југословени во задушувањето на револуциите, како и во Советска Русија, така и во Унгарија. Во статијата „На нова кланица" „Социјалистичка Зора" на 23 септември 1920 година пишуваше: „Упатени на нова кланица, југословенскиот работник и селанец во војничка униформа ќе ги покажат големите симпатии на југословенскиот работен народ спрема руската револуција. Ни еден куршум на руските работници и селани, ни еден удар во градите на своите браќа Руси — тоа мора да

биде заедничката парола на поробените од Балканот и југоисточна Европа."

Низ своите колони „Социјалистичка Зора" ги одбележуваше сите махинации на империјалистите по однос на интервенцијата против Советска Русија. Таа ги бележеше и поздравуваше сите крупни победи на Црвената Армија над интервенционистите. Во една статија се нагласува дека Црвената Армија „со своите победи изазвала одушевување низ целиот свет."

Преку „Социјалистичка Зора" се развива акција за прогонување на „остатоците од разбиените дењикински банди", кои се населиле во Југославија. Една статија на „Социјалистичка Зора" посветена на споменатите руски контрареволуционери завршува со зборовите: „Ние бараме овој свет да се протера од нашата земја. Надвор черносотниците! Да живее руската советска република!"

Весникот „Социјалистичка Зора" посветува доста простор за популаризирање на придобивките од Големиот Октомври, за советската власт, за конкретната тогашна положба во Русија и други ценни соопштенија од животот на советските луѓе непосредно по револуцијата. Во весникот се печатат и неколку песни посветени на големата Октомвриска револуција. Во неколку примери весникот печати и една Ленинова статија за настаните во Русија за време на револуцијата.

Изразита пропаганда активност развил „Комунистичкиот клуб", кој бил формиран во јуни 1919 година во Битола. Овој клуб развил голема активност сред младината во пропагирање придобивките на Октомвриската револуција, а воедно и на македонското национално чувство. Така, клубот ја подготвил за драмско претставување — „Македонска крвава свадба."

Пропагандна активност за популаризирање на Октомвриската револуција се одвивала и преку митинзите и собранијата. На еден митинг во Велес, што бил одржан на 17 октомври 1920 година, биле присутни 3.000 души. На тој митинг била донесена резолуција, во која се изразила љубов и симпатии спрема револуцијата во Русија. Во еден дел од резолуцијата, што е печатена во „Социјалистичка Зора" се вели: „Работниците и сиромаштијата на град Велес во исто време ги изразуваат своите симпатии за Советска Русија и наоѓаат дека единствениот пат по кој што народите ќе се ослободат од ужасните последици на војната е патот по кој што оди Руската Советска Република. Да живее Руската Советска Република! Да живее III Интернационала! Да живее светската комунистичка револуција!"

По случај третата годишнина од Октомвриската револуција во Скопје на 7 ноември 1920 година се одржал голем митинг под паролата: „За Руската револуција, за комунизмот, сите на збор!" На определениот ден, бил одржан скоро двочасовен митинг, којшто го организирала месната организација на КПЈ. На митингот се говорело за големите октомвриски настани и за победата на рускиот пролетаријат. Паролите што ги изнесла руската пролетерска револуција немале само внатрешен карактер, туку и интернационален, световен. Затоа „. . . *Руската револуција, се нагласувало на митингот, значи почеток на световната про-*

*летерска револуција.*" Митингот завршил со извиците: „Да живее светската комунистичка револуција."

Сличен митинг, посветен на Октомвриската револуција, бил одржан и во Тетово. На него исто така се изразиле симпатии за Октомвриската револуција и солидарност со рускиот пролетаријат во неговата борба против интервенционистите.

Публицистичка дејност за популаризирање на Октомвриската револуција развиле и други напредни македонски печатни органи. Така, од значење е пишувањето на „Советска Македонија" (независен весник), кој во 1923 година се заложувал за правилно решавање на македонското национално прашање, а и со реализирање на советско управување.

Сета оваа активност за популаризирање на Октомвриската револуција имала голем одглас сред широките македонски работни маси. Тие се учеле од придобивките и традициите на Големиот октомври и нив ги применувале во борбата против ненародниот режим.

## VI. Револуционерно движење во Истра 1921 година

Како и останатите југословенски краишта, така и Истра, тешко страдала за време на Првата империјалистичка војна. Освен тоа, наместо ослободување во 1918 година дошле новите туѓинци — Италијаните. Тие повеле полуколонијално и национално угнетување на тамошното словенско население. Се повеќе и повеќе над него се, именувале тешки економски и политички репресалии. Од втората половина на 1920 година фашистичките одреди го засилиле системот на поробувачката политика спрема словенското население. Меѓутоа, истарското население пружило силен отпор за самоодбрана. Под влијание на Октомвриската револуција и овдека масите се револуционисале и се кренале на вооружен отпор не само против фашистичките одреди, туку и против регуларната војска на Кралство Италија. Центри на вооруженото востание се наоѓале отпрвин во Проштина, а потем во Лабинштина.

Бројните фашистички напади на Проштина биле причина народот да се крене во самоодбрана. Под влијание на хрватските комунисти и бројните повратници од Русија Проштинарите се организирале за самоодбрана. Несомнено дека зад фашистите стоела официјална Италија, нејзините регуларни трупи. Пред да избувне востанието, во Проштина се спровеле големи подготовки за организирање на вооружениот отпор, во кое предначеле хрватските комунисти — младинци, а кое го признаваат и некои италијански граѓански историчари. Младинците — комунисти организирале бројни состаноци, на кои се говорело за големата Октомвриска револуција, за нејзините придобивки, за потребата од дигање на домашна социјалистичка револуција, за поробувачката политика на фашизмот, за диктатурата на пролетаријатот итн. На тие состаноци биле донесени решенија по селата да се образуваат „селски совети", што ќе ја организираат самоодбраната на народот.

Натискот на фашистите бил се поголем. Меѓутоа сите во Проштина биле единствени во одбрана на својот крај. Фашистите не успеале во своите нападачки акции, бидејќи биле одбиени од селанските стражи.

Цврстата одбрана на Проштинарите не им дозволиле на фашистите да навлезат во нивните краишта. Тие, од почетокот на февруари до април 1921 година биле самостојни и одвоени од државното подрачје. Сета јавна власт во своите раце ја имале селските совети. Тие ги решавале сите прашања, што спаѓале во комепетнција на државната власт.

Образувањето на Проштинарската „слободна државичка", било сметано не само од фашистите, туку и од официјалната власт на Италија за „внатрешна блокада на државната власт на Италија." Затоа и при крајот на март 1921 година било решено да се ликвидира со неа, чие извршување било оставено на фашистичките одреди. Меѓутоа, фашистички напади на Проштина, кои започнале од почетокот на април 1921 година, биле решително одбиени. Кон фашистичките одреди се присоединиле и регуларните италијански војски, кои во голема бројност презеле офанзивни акции против Проштинарите. Меѓутоа, истарските селани се држеле храбро и решително. Тие давале отпор не само по селата, туку и при повлекувањето во планините. Откако го задушиле отпорот на Проштинарските селани, Италијаните се префрлиле во соседна Лабинштина, каде што исто така масите се дигнале на вооружен отпор против режимот.

Лабиништа била чисто рударски крај и овдека движењето има чисто револуционерен карактер. Во почетокот на март 1921 година рударите стапиле масово во штрајк. Кон нив се присоединило и сето селско население. Социјалистичките првенци на рударите истакнувале дека со тој штрајк протестирале во прв ред заради се поголемите и често безобзирни напади на фашистите над народот. Со текот на времето штрајкот прераснал во општо судрување со фашистичките сили, кои биле потпомагани од официјалните италијански власти. Револуционерното движење овдека траело од 2 март до 8 април 1921 година кога ова подрачје било самостојно. Насекаде се виеле црвени знамиња. Рударите организирале „рударски комитети", што биле обединети во „Централен рударски комитет". Преку овие комитети рударите управувале со својот крај. Овдека во движењето влијаеле национални и класни елементи, со единствена цел борба против класниот непријател. Но, поголема единственост и сплотеност не постоела. Нарочно не постоела хомогеност во најрешителните моменти на борбата. Раководителите на движењето не биле способни да се поврзат со проштинарите за единствена акција и оставиле движењето да се локализира, а со кое возможноста на непријателот била поголема за да се среди полесно и да го скрши отпорот. Како во Проштина, така и овдека во Лабинштина, движењето било крваво загушено. Меѓутоа, вооружениот отпор на Истраните не престанал, дури веќе во 1924 година нивниот отпор бил разбиен.

## З а к л у ч о к

Октомвриската револуција наиде на широк одглас меѓу југословенските народи. Победата на нејзините придобивки југословенските народи ја дочекаа со голема одушевеност и симпатии. Уште повеќе големите победи на Црвената Армија над империјалистичките интер-

венционисти, беа примени од југословенските народи со искрена радост, како победа на сиот меѓународен пролетаријат.

Октомвриската револуција имаше и друго примарно и пресудно значење и за југословенските народи. Таа ги раздвижи југословенските работни маси, ги револуционизира духовите и ги крена за борба против ненародните режими. Револуционерната ситуација што беше створена, под влијание на Големиот Октомври, беше причина положбата да биде бремена со револуција.

Односот на југословенските народи према Октомвриската револуција е значаен од неколку вонредни моменти кои се едно со друго тесно поврзани. Тој однос возможно е да го набљудуваме од неколку компоненти:

1. Во Октомвриската револуција зедоа бројно учество и Југословени. Тие, таму се истакнале не само како обични борци, туку и како истакнати раководители во единиците на Црвената Армија, и како раководители на други сектори. Значењето на овие Југословени — учесници во Октомвриската револуција се состои особено во тоа, што тие по враќањето во татковината, ги пренесувале револуционерните традиции на рускиот пролетаријат, придобивките од социјалистичката револуција. Со својата активност тие ги раздвижиле масите, ги револуционизирале нивните духови.

2. Уште пред обединувањето се пројавуваат револуционерни акции, под влијание на Октомвриската револуција и тоа на морнарите — Југословени во австро-унгарската морнарица. Незадоволните морнари се дигнале на востание и презеле голема револуционерна акција, установувајќи ја својата револуционерна власт на голем број кораби. Центри на нивните револуционерни акции се наоѓале во Шибеник, Пула и Бока Которска. Некаде тие самостојно дејствувале преку своите војнички комитети, а некаде се здружиле со работниците. Во нивните редови немало единственост, зашто некаде движењето имало националнореволуционерен, а некаде социјално-револуционерен карактер.

3. Влијанието на Октомвриската револуција било пресудно за раздвижување на југословенските работни маси, кои веднаш по обединувањето во заедничката држава биле незадоволни со режимот. Не било решени ни аграрното, ни националното, ни работничкото прашање. Народот се дигнал на отпор, насекаде се јавиле незадоволства и немири, а во војската и оружени бунтови. Се зголемило штрајкачкото движење и немирите по селата.

Револуционерната ситуација, што се створи под влијание на Октомвриската револуција, влијаеше и за активизирање на југословенското работничко движење. Со обединувањето на КПЈ, работните маси добија вистински предводник во нивната борба против ненардниот режим. Сета работничка класа беше организирана за офанзива против режимот, Партијата раководеше со револуционерните истапи на масите.

Беа спроведени успешни штрајкови и голема агитација сред масите за време на изборите, на кои КПЈ пожнеа крупни резултати. Нејасните ставови по однос на аграрното и националното прашање во многу влијаеја за неможноста да се организира една општа револуционерна акција против режимот.

Голема активност КПЈ разви и за популаризирање на Октомвриската револуција. Преку партиските печатни органи, на предавањата, митинзите и демонстрациите се ширела вистината за Големиот октомври. По случај империјалистичката интервенција на младата советска држава и унгарската револуција, беа спроведени успешни штрајкови.

4. Октомвриската револуција ги раздвижи и македонските потчинети маси во сите делови на Македонија. Под нејзиното влијание се раздвижија македонските маси и бараа спас од тешкото политичко, економско и национално угнетување. И во Македонија, како израз на незадоволството од режимите се јавија немири и бунтови. Револуционерната ситуација создаде и во Македонија поволни услови за разраснување на национално-ослободителното и работничкото движење. Насекаде низ Македонија, непосредно по Октомвриската револуција, се рашири мрежата на партиските организации. Тие раководеа со револуционерните истапи на масите, со штрајкови, и развија голема активност за време на изборите. Особено во Вардарска Македонија. На овие избори КПЈ постигна крупни резултати.

Голема активност беше спроведена и во Македонија за популаризирање на Октомвриската револуција. Беа организирани предавања, митинзи и демонстрации, на кои се изнесувале придобивките од Големиот октомври и се протестирало против империјалистичката интервенција. Нарочно се забележителни прославите, што се одржале по случај трогодишнината од Октомвриската револуција (1920 година). Голем простор за популаризирање на Октомвриската револуција, одделила „Социјалистичка Зора", и други напредни македонски печатни органи преку бројните статии посветени на неа, се запознавале македонските работни маси со вистината за правата социјалистичка држава во светот. Сета, оваа активност за популаризирање на Октомвриската револуција имала широк одглас сред масите, кои се учеле на нејзините револуционерни традиции.

5. Голем одглас имала Октомвриската револуција и за раздвижување на словенското и хрватското население и во Истра. Истраните не можеле да го поднесат полуколонијалното и националното угнетување на фашистите и се кренале на вооружен отпор. Тие не се бореле само против фашистичките одреди, туку и против редовната италијанска војска.

Со револуционерните движења на Истраните возможно е да се смета, дека револуционерната ситуација во Југославија, што беше создадена под големото и пресудното влијание на Октомвриската револу-

ција, наиде на свој најеклатантен израз. Тоа ќе рече, дека југословенските работни маси, револуционизирани од идеите на Големиот октомври, близу една половина деценија во положбата што беше бремена со револуција, останаа доследни на своите револуционерни традиции и доследно ги спроведоа во дело искуствата од Големиот октомври. Тоа, беше навистина еден крупен настан во современата историја на југословенските народи.

Тоа, од друга страна, најеклатантно се изрази и во периодот на Ослободителната војна и Народната револуција на народите на Југославија. Тогаш дојдоа, и по Ослободувањето, до најсилен израз придобивките на големиот Октомври.